# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| | | |
|---|---|---|
| **„Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ** | **Година LXVI Број 6 Куманово 30 април 2021 г.** | **Претплата за 2021 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939** |


**228.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување во 2021 година на ООУ „Браќа Рибар” с. Табановце - Куманово**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување во 2021 година на ООУ „Браќа Рибар” с. Табановце - Куманово, Бр. 09 - 3431/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 април 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-3622/1
29 април 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**229.**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3, став 2 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19 и 14/20) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 април 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување во 2021 година на ООУ „Браќа Рибар” с. Табановце - Куманово**

Член 1

Се дава согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување во 2021 година на ООУ „Браќа Рибар” с. Табановце - Куманово, бр. 0101 – 75 од 21.04.2021 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 3431/3
29 април 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**230.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање на согласност за обезбедување на дополнителни средства од Буџетот на Општина Куманово, за ко-финансирање на градежни активности за реконструкција на поранешен Хотел „СОЛУН“, наменети за засебна сметка на проектот „Заедничка историја и култура - Мост преку границите”**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за обезбедување на дополнителни средства од Буџетот на Општина Куманово, за ко-финансирање на градежни активности за реконструкција на поранешен Хотел „СОЛУН“, наменети за засебна сметка на проектот „Заедничка историја и култура - Мост преку границите”, Бр. 09 - 3431/5, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 април 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-3624/1
29 април 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**231.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово‘‘ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 април 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност за обезбедување на дополнителни средства од Буџетот на Општина Куманово, за ко-финансирање на градежни активности за реконструкција на поранешен Хотел „СОЛУН“, наменети за засебна сметка на проектот „Заедничка историја и култура - Мост преку границите”**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Куманово дава согласност за обезбедување на дополнителни средства од Буџетот на Општина Куманово, за ко-финансирање на градежни активности за реконструкција на поранешен Хотел „СОЛУН“, наменети за засебна сметка на проектот „Заедничка историја и култура - Мост преку границите”, со референтен број CB006.2.21.144, од Интеррег – ИПА програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија CCI2014TC16I5CB006, преку која Општина Куманово како Лидер Партнер во партнерство со Општина Дупница потпиша Договор за

финансиска помош Бр. РД-02-29-168 од 12.07.2019 година во износ од 481.699,61 евра. Финансиската помош за Општина Куманово изнесува 220.473,25 евра, од кои 187.402,26 евра се финансиска помош од ЕУ и 33.070,99 евра се ко-финансирање (15%) од Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија. Рок за имплементација на проектот е најдоцна до 25.08.2021 година.

Член 2

Висината на средствата за кои се донесува оваа Одлука за давање на согласност се во износ од 23.504,53 евра (дваесет и три илјади петстотини и четири евра и педесет и три евроценти), односно 1.452.580,00 денари (еден милион четиристотини педесет и две илјади петстотини и осумдесет денари), кои средства ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Куманово за 2021 година и се наменети за ко-финансирање на дополнителни работи на градежни активности за реконструкција на поранешен Хотел „СОЛУН“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово‘‘.

Бр. 09 – 3431/5 Совет на Општина Куманово
29 април 2021 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**232.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Куманово за 2021 година**

1. Се објавува Одлуката за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Куманово за 2021 година, Бр. 09 - 3431/7, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 април 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-3626/1 Градоначалник
29 април 2021 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**233.**

Врз основа на член 1 и 2 од Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РСМ“ бр.77/2021) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр.13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 април 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Куманово за 2021 година**

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува префрлување на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Куманово за 2021 година, по претходно дадени писмени изјави од директорите на средните училишта во Општина Куманово.

Член 2

Општина Куманово на крајот на фискалната 2020 година има остварено вишоци на средства на сметката за блок дотација кои се приходи од Буџетот на Репубика Северна Македонија, а притоа средните училишта во Општина Куманово кои се финансираат од блок дотациите немаат евидентирани ниту неизмерени доспеани и недоспеани финансиски обврски по ниту еден основ.

Дел од вишокот на средствата остварен на крајот на фискалната 2020 година на сметката за блок дотации 741014052593010, програма N20-средно образование, во износ од 43.000.000,00 денари се префрлаат на сметката на основниот Буџет на Општина Куманово 741014052563018, за 2021 година, и истите ќе се користат за финансирање на надлежности на Општина Куманово.

Член 3

Средствата наведени во член 2 став 2 од оваа Одлука во износ од 43.000.000,00 денари, по добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија, ќе се користат за финансирање на следните проекти од основниот Буџет на Општина Куманово за 2021 година:

1. изградба и реконструкција на мини детски игралишта и училишни игралишта на територија на Општина Куманово,

2. партерно уредување на училишни дворови, изградба и реконструкција на паркинг простори пред училишта и санација на пристапни улици и јавно прометни површини до училиштата во Општина Куманово.

Член 4

По добивање на согласност на оваа Одлука од страна на Владата на Република Северна Македонија, средствата кои се предвидени за горенаведените проекти ќе бидат опфатени во Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Куманово за 2021 година.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово."

Бр. 09 – 3431/7 Совет на Општина Куманово
29 април 2021 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**234.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за определување на крајбрежен појас на Липковска Река во КО Лопате вон г.р. – Општина Куманово за дел кој се наоѓа вон опфат на УПВНМ, м.в. Шамак КО Опае – Општина Липково**

1. Се објавува Одлуката за определување на крајбрежен појас на Липковска Река во КО Лопате вон г.р. – Општина Куманово за дел кој се наоѓа вон опфат на УПВНМ,

м.в. Шамак КО Опае – Општина Липково, Бр. 09 - 3431/8, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 април 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-3627/1
29 април 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**235.**

Врз основа на член 131 став 2 точка 3 од Законот за водите („Службен весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 април 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КРАЈБРЕЖЕН ПОЈАС НА ЛИПКОВСКА РЕКА ВО КО ЛОПАТЕ вон г.р. - ОПШТИНА КУМАНОВО за дел кој се наоѓа ВОН ОПФАТ НА УПВНМ, М.В. ШАМАК КО ОПАЕ - ОПШТИНА ЛИПКОВО**

Член 1

Со оваа одлука се определува ширината на крајбрежен појас на воден тек на **Липковска Река во КО Лопате вон г.р. - Општина Куманово** за дел кој се наоѓа вон опфат на УПВНМ за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија, А4—времено сместување, Б2-големи трговски единици, м.в. Шамак, КО Опае, Општина Липково. Крајбрежниот појас припаѓа на КО Лопате-вон г.р., Општина Куманово дефиниран со почетна почка „А“ на регулација со координати X1-4668058.86 и Y1-7555229.81 и крајна точка „Б“ на регулација дефиниран со координати X2-4667897.12 и Y2-7555473.09, а заради заштита и одржување на природното и уреденото речно корито и брегот на реката.

Член 2

Ширината на крајбрежниот појас на водотекот на **Липковска Река** опфатен со Урбанистички план вон населено место м.в. Шамак КО Опае, Општина Липково кој се наоѓа вон опфат и припаѓа на КО Лопате-вон г.р., Општина Куманово, од крајна линија на регулацијата на коритото ќе изнесува 5.0 м.

Член 3

Составен дел на оваа одлука се

- графичкиот прилог на УПВНМ за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија, А4—времено сместување, Б2-големи трговски единици, м.в. Шамак, КО Опае, Општина Липково – Синтезен план на опфатот во размер 1 : 1000 со геодетски координати за водотекот.
- Решение за давање согласност на Предлог Одлуката за определување на крајбрежен појас на Липковска Река, опфатен со УПВНМ за м.в Шамак КО Опае, Општина Липково бр.УП1-11/5-119/2019 год. од 07.02.2019 год. од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 - 3431/8
29 април 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**236.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово - член на Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Толи Зордумис‘‘ – Куманово**

1. Се објавува Решението за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово - член на Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Толи Зордумис‘‘ – Куманово, Бр. 09 - 3431/9, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 април 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-3628/1
29 април 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**237.**

Врз основа на член 106 став 1, 2 и 5 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ” бр. 161/19 и 229/20) и член 25, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 април 2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово - член на Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Толи Зордумис“ – Куманово**

1. Од функцијата претставник од Општина Куманово - член на Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Толи Зордумис“ – Куманово, се разрешува Љуљзим Иљази.

2. За претставник од Општина Куманово - член на Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Толи Зордумис“ – Куманово, се именува Куштрим Сулејмани.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 3431/9
29 април 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**238.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп, Бр. 09 - 3431/4, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 април 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-3623/1
29 април 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**239.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19), член 25 став 1 точка 41 и член 71 став 2 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 април 2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп**

1. Се дава согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп, Бр. 02 – 209/2, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 21.04.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 3431/4
29 април 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**240.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 108, став 1, алинеа 6 и член 115, став 3 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на јавен оглас за избор на директор на**
**Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово**

1. Училишниот одбор на Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово, да објави јавен оглас за избор на директор на ова училиште;
2. Во објавениот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор на основно училиште, потребната документација, времето на траењето на огласот и рокот во кој ќе се изврши изборот.
3. Јавниот оглас да се објави во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
4. По објавувањето на јавниот оглас од ова Решение, Градоначалникот на Општина Куманово писмено да биде известен за објавениот јавен оглас.
5. Решението стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. УП1 08-1907 Градоначалник
12 април 2021 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**241.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 59, став 1, алинеа 5, 6 и 7 и член 64 од Законот за ученичкиот стандард („Службен Весник на Република Македонија“ бр.52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18, 20, 19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.248/20 и302/20 ), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на јавен оглас за избор на директор на**
**Јавна Установа – Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово**

1. Управниот одбор на Јавна Установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово, да објави јавен оглас за избор на директор на овој општински ученички дом;
2. Во објавениот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор на ученичкиот дом, потребната документација, времето на траењето на огласот и рокот во кој ќе се изврши изборот.
3. Јавниот оглас да се објави во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
4. По објавувањето на јавниот оглас од ова Решение, Градоначалникот на Општина Куманово писмено да биде известен за објавениот јавен оглас.
5. Решението стапува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. УП1 08-1905 Градоначалник
12 април 2021 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**242.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 62, став 1, точка 2 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19 и 267/20) член 116 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање на престанок на мандатот на директор на Општинско Основно Училиште „Магдалена Антова“ Куманово**

**1.** Мандатот на директор на Општинско Основно Училиште ,,Магдалена Антова“ Куманово, **Жарко Димитријевиќ**, престанува поради **смрт** на директорот на ден 12 април 2021 година;
**2.** Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-2982 од 18.10.2019 година.
**3.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-2982 од 18.10.2019 година, Жарко Димитријевиќ беше избран за директор на ООУ ,,Магдалена Антова“ Куманово, со мандат од 4 години. Поради настаната смрт на директорот на ООУ ,,Магдалена Антова“ Куманово, Жарко Димитријевиќ, на ден 12 април 2021 година, се констатира предвремен престанок на неговиот мандат. Согласно наведените законски одредби и надлежностите на Градоначалник на Општина, Градоначалник на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-УП1-2982/2019
13 април 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**243.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“), член 115, став 1 и член 118, став 3 и 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Магдалена Антова“ Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Живко Стојковски**, професор по историја, за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Магдалена Антова“Куманово;
2. Мандатот на вршител на должност директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, беше констатиран престанок на мандатот на директорот на Општинско Основно Училиште „Магдалена Антова“ Куманово, поради настаната смрт на директорот на училиштето, Жарко Димитријевиќ, на ден 12 април 2021 година. Согласно член 118, став 3 и 4 од Законот за основно образование, Градоначалникот во случаи на предвремен престанок на мандатот на директорот, именува вршител на должност директор. кој ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување. Постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.08-УП1-1936 Градоначалник
13 април 2021 година на Општина Куманово
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**244.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за I квартал од 2021 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за I квартал од 2021 година, Бр. 09 - 3431/6, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-3625/1 Градоначалник
29 април 2021 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**245.**

Врз основа на член 69 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 април 2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за I квартал од 2021 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за I квартал од 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 3431/6
29 април 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

## СОДРЖИНА


**228.** Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување во 2021 година на ООУ „Браќа Рибар” с. Табановце - Куманово............................................. 275

**229.** Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување во 2021 година на ООУ „Браќа Рибар” с. Табановце - Куманово............................................. 275

**230.** Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност за обезбедување на дополнителни средства од Буџетот на Општина Куманово, за ко-финансирање на градежни активности за реконструкција на поранешен Хотел „СОЛУН“, наменети за засебна сметка на проектот „Заедничка историја и култура - Мост преку границите”............................................ 276

**231.** Одлука за давање на согласност за обезбедување на дополнителни средства од Буџетот на Општина Куманово, за ко-финансирање на градежни активности за реконструкција на поранешен Хотел „СОЛУН“, наменети за засебна сметка на проектот „Заедничка историја и култура - Мост преку границите”............................................ 276

**232.** Заклучок за објавување на Одлука за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Куманово за 2021 година................................................... 277

**233.** Одлука за префрлање на вишок на средства од сметката за блок дотации на сметката на основниот Буџет на Општина Куманово за 2021 година................................................... 277

**234.** Заклучок за објавување на Одлука за определување на крајбрежен појас на Липковска Река во КО Лопате вон г.р. – Општина Куманово за дел кој се наоѓа вон опфат на УПВНМ, м.в. Шамак КО Опае – Општина Липково................. 278

**235.** Одлука за определување на крајбрежен појас на Липковска Река во КО Лопате вон г.р. – Општина Куманово за дел кој се наоѓа вон опфат на УПВНМ, м.в. Шамак КО Опае – Општина Липково................ 279

**236.** Заклучок за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово - член на Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Толи Зордумис‘‘ – Куманово........................................ 280

**237.** Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Куманово - член на Училишниот одбор во Општинското основно училиште „Толи Зордумис“ – Куманово........................................ 280

**238.** Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп..................... 281

**239.** Решение за давање согласност на Одлуката на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за утврдување на недвижни ствари кои треба да бидат предмет на јавно наддавање за издавање под закуп.................................................. 281

**240.** Решение за објавување на јавен оглас за избор на директор на Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с. Клечовце Куманово........................................... 281

**241.** Решение за објавување на јавен оглас за избор на директор на Јавна Установа – Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово....... 282

**242.** Решение за констатирање на престанок на мандатот на директор на Општинско Основно Училиште „Магдалена Антова“ Куманово............ 283

**243.** Решение за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Магдалена Антова“ Куманово............ 283

**244.** Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за I квартал од 2021 година....................................... 284

**245.** Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Куманово за I квартал од 2021 година.............. 284